

# ИЛИНДЕНСКА ИСКРА 2021

Училиштен весник на ООУ “Христо Узунов”- Охрид

Април, 2021 г. бр. 50

# „СО СЈАЈ ВО ОЧИТЕ И НАСМЕВКА ПОД МАСКИТЕ ДО СРЦАТА ДА ДОПРЕМЕ“



I НАГРАДА
Марија Зороска IX - 1 одд.



II НАГРАДА
Михаела Плевнароска VIII - 4 одд.



III НАГРАДА
Лука Колески VI - 3 одд.





## ГОДИНА НА ПРЕДИЗВИЦИ



Измина година многу поразлична од секоја друга, многу специфична, а пред сé многу тешка. Година која го промени животот на луѓето, ги промени нивните навики, внесе немир во животот и неспокој во душата. Пандемијата му прогласи војна на човештвото, но човекот одлучи да се бори и да не отстапи пред ова зло. Светот продолжи да живее, во многу тешки услови, но се прилагодува и се бори. Се промени животот на возрасните, но се промени и животот на децата. Замре детскиот џагор на улиците, на игралиштата, замре детскиот џагор во училиштата, во секоја училница, во секое училишно ќоше. Сето ова не го надмина и нашето училиште. После 43 години , во март 2020 год, се затворија вратите на училиштето. Дури во октомври беа повторно отворени, но само за учениците до трето одделение, и тоа во многу посебни околности, пропишани протоколи и насоки. Токму тоа што нé нападна, нé направи посилни, посвесни, поамбициозни. Сите сфативме дека треба да се заврши една многу поинаква учебна година, и оние кои се присутни во училиштето и водат настава со физичко присуство и се изложени на голем ризик, а работат со по две групи ученици, и оние кои водат онлајн настава од своите домови, ставајќи ги членовите на семејството во подредена положба, да мора да го променат начинот на живот во сопствениот дом, за да овозможат на наставникот кој е мајка, сопруга, татко, сопруг, да реализира настава. Воедно и семејството на учениците мораше да се прилагоди на часовите на своето дете и да му обезбеди спокојна средина за непречено да ја следи наставата. Образованието во време на пандемија за нашите наставници и ученици стана вистински предизвик, на кој одлично одговорија. Наставниците сфатија дека за да се реализира успешна настава треба да го дадат својот максимум. И навистина сé успеа, иако на почетокот сé изгледаше сложено. Иако со големи тешкотии, несебично и максимално од срце вложувајќи го својот труд, секој наставник и плански и програмски, со скратени наставни програми, успеа да го запази и оствари основното наставно начело. Сите знаеме дека училницата е незаменлива просторија, а училиштето незаменлив дом каде што вистински се учи и се гради една морална, одговорна и вредносна слика за учење, себеспознавање и секако најважно – социјализација и емпатија, што со вакви протоколи дури и на учениците со физичко присуство им е одземено. Но, мора да остане позитивна мисла дека и при ваков начин на учење, сé ќе се реализира. И при вакви околности, за нашите наставници остана начелото дека нивните ученици се во фокусот. Тие имаат целосна интеракција со учениците, а часовите се крајно продуктивни; посветени се на изнаоѓање начини учениците да стекнат вештини за решавање проблеми и критично размислување; ги поттикнуваат учениците сами да решаваат и пронаоѓаат решенија, а наставниците да ги водат - што е впрочем и основа на новиот концепт за основно образование. Остануваме на нашата мисија – со безрезервна, беспоштедна и максимална посветеност, да обезбедиме добра подготовка на нашите ученици за нивната иднина. Од сите овие месеци наназад, како клучни пораки произлегоа почитувањето на самата наставна оврска со која наставниците и учениците се соочени, доследна и коректна комуникација меѓу нив, но сфативме и дека најважно од сé е на часовите да се задржи ведрината и расположението, сите ученици и наставници да останат здрави, бидејќи сепак најважно од сé е здравјето, без кое ништо од она што до овде го напишав, нема да има можност ниту да се реализира.

*Директор,*
*Оливија Пирузева Јанева*

# СТО ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА БЛАЖЕ КОНЕСКИ




Блаже Конески (роден е во селото Небрегово, Прилепско во 1921 година, а починат во 1993 година во Скопје) – академик, поет, прозаист, есеист, книжевен историчар, преведувач, филолог и јазичар, професор на Филозофскиот факултет во Скопје. Блаже Конески го сметаме за втемелувач и еден од кодификаторите на македонскиот литературен јазик.

Основното училиште и нижата гимназија ги завршил во Прилеп, а потоа во Крагуевац завршил виша гимназија. Студиите ги започнал во Белград, но крајно славистичките студии ги завршил во Софија во 1944 година.

По завршувањето на војната работел како лектор во МНТ во Скопје, а во 1946 година станал предавач на Филозофскиот факултет во Скопје за да во 1957 година стане редовен професор којшто предавал Историја на македонскиот јазик. Бил избран и за прв претседател на Друштвото на писателите на Македонија, а бил и претседател на Сојузот на писатели на Југославија. Учествувал во составувањето на првиот Правопис на македонскиот литературен јазик и бил редактор на тритомниот Речник на македонскиот јазик. Со своето дело извршил големо влијание врз културно-општествената заедница во Македонија, но и во земјите од поранешна Југославија. Конески бил член во многу академии ширум светот (Чикаго, Белград, Загреб, Сараево и др.), а и прв претседател на МАНУ кај нас.

Неговото творештво е навистина обемно, а некои од позначајните дела се:

•Македонски правопис со правописен речник (со Крум Тошев, 1950);

•Граматика на македонскиот литературен јазик (1952);

•За македонскиот литературен јазик (1952);

•Граматика на македонскиот литературен јазик (втор дел, 1954);

•Везилка (поезија, 1955);

•Речник на македонскиот јазик (1961);

•Историја на македонскиот јазик (1965);

•Речник на македонскиот јазик (1965);

•Речник на македонскиот јазик (1966);

•Стерна (поезија, 1966);

•Македонскиот XIXвек, јзични и книжевно-историски прилози (1986);

Конески на македонски јазик ги превел: „Горски венец“ од Његош, „Лирски интермецо“ од Хајне, „Отело“ од Шекспир, „Поезија“ од А. Блок, „Крштевање на Савица“ од Прешерн.

Добитник е и на бројни награди, меѓу кои:

•„Браќа Миладиновци“;

•„Хедерова награда“;

•„Његошева награда“;

•Награда на Сојузот на писателите на СССР;

•Рациново признание и многу други.

Блаже Конески е личноста која го обележува XX век во нашата земја. Тој е нашата најграндиозна фигура, поради него станавме препознатливи во светот. Тој е личноста што нурна најдлабоко во македонското минато и што засекогаш остана во македонската иднина.

Од четврти јуни 1997 година Филолошкиот факултет во Скопје го носи името Блаже Конески.

*Наставник по македонски јазик*
*Наумоска Христина*





# ДЕВЕДЕСЕТ ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА АНТЕ ПОПОВСКИ „КОН НЕПРОЧИТАНОТО ПИСМО“



Иако по професија доктор, дипломиран на Медицинскиот факултет во Скопје, Анте Поповски останува запомнат во македонското друштво како исклучително љубител на пишаниот збор – пред сè поет, но и есеист, публицист, препејувач и активен учесник во општествените кругови.

Потпишан како автор на многубројни стихови, создава река од песни и збирки поезија од кои најпознати се: „Одблецоси“, „Вардар“, „Непокор“, „Тајнопис“, „Родопис“, „Љубопис“, Сина песна“ и уште многу други. Дел од неговото творештво ја опфаќа темата на постоењето, на човековата минливост и краткотрајност, додека останатиот дел ја негува онаа патриотска страна, љубовта кон татковината, кон својата национална припадност, љубовта кон зборот и јазикот. Како што кажува и самиот во едно интервју: „не можеме да се ослободиме од првичните информации, од архетипот којшто е забележан кај нас во детството, и сакал јас или не, тој е мотивот кој е длабоко во мене и бара форми, бара патишта и начини да излезе од тој круг“.

„Јазикот е нашата татковина“ вели Конески, а истото го потврдува и Анте Поповски. Во својата песна „Непрочитано писмо“, тој го отсликува развојниот пат на јазикот, почнувајќи уште од времето на знакот, симболот, кој не бил ништо друго, ами само една изгравирана црта без значење, па сè до моментот каде истиот тој знак ја здогледува светлината на денот и станува свет знак во кој „струи и крвта и тајната на македонскиот збор“. Јазикот е темелот на нашето битисување, тој е нашиот идентитет, а нашата татковина – свето и непрочитано писмо. Македонскиот збор го носи сведоштвото на нашата историја, сведоштвото на „изгорените гласови, неоли, крвави засеци на ножот, осенчени со крик на големи погибии“.

Анте Поповски во своето творештво го одржува чувството за национална припадност, ја шири љубовта кон татковината, го чува древното минато на својот народ, затоа и самиот ќе рече: „празниците, веридбите, свадбите, полноќните огнови на коледе, хармонијата на боите од веленцата што ги ткаеле нашите мајки, говорот, јазикот сé тоа заедно е татковина, една недоодлива, една голема, бесконечна географија и на честа и на душата“.

*Наставник по македонски јазик*
*Ристеска Маја*

# ДИСКАЛКУЛИЈА

Во групата на проблеми со школските постигања, освен проблемите со читањето (дислексија) или пишувањето (дисграфија), како посебен или здружен може да постои проблем со математика кој стручно се нарекува-дискалкулија.Некои автори овој проблем го означуваат и како ,,слепило за бројки". Децата со овој невролошки проблем најчесто не се дијагностицираат во школите поради недостиг на специфични тестови како и стриктни критеријуми. Проблемот најмногу е проучуван кај пациентите со мозочни трауми.

Најчестата причина за јавување на дискалкулија е дефицит во визуелното процесирање. Исто така, можна причина е тешкотијата во секвенционирањето на информацијата, што е битно за постапно разбирање на математичката задача ,но истовремено постојат проблеми и во помнењето. Можна причина за дискалкулија е и потценувањето од страна на самото дете, дека ,,математика не му оди" или лошо искуство со оваа вештина, што води до вистинска фобија од математика. За разлика од дислексијата, дискалкулијата од научен аспект е многу помалку проучувана.

Знаците дека постои дискалкулија би биле:

-тешкотии во разбирањето на математичките симболи;

-тешко манипулирање со бројки;

-тешкотии со наједноставните математички операции собирање, одземање, множење и делење;

- често пати превртување на бројките наместо 63-36;

-тешкотии детето да го каже времето или насоката на движење;

-особено големи проблеми со менталното сметање;

Исправени пред вакви знаци, родителите или наставниците детето треба да го упатат на специјалист за дефинитивно поставување на дијагноза. Како и при дисграфија и во ова растројство интелектуалните способности се во границите на нормалата.

Што да се прави?

-Да се обезбедат најразновидни конкретни манипулативни средства, за детето да може да ги сфати апстракните концепти. Многу е важно да му се овозможат стратегии за визуализирање.

-Да се користат што повеќе слики, зборови или графикони за полесно разбирање на проблемот, а посебно давање примери од реалниот живот.

-Родителот треба постојано да му влева доверба на детето; никогаш да не му се вели на детето ,,Па и јас не бев математичар ,еве на кого си ти"! Напротив,со давање помош да му се докаже дека е добар.

-Да се користи интересен и забавен приод кон базичните сознанија во математиката, користејќи на пример карти или мистериозни играчки преку компјутер неколку пати на ден.

-Да му се помогне во учењето на математичките симболи и јазикот на математиката (на пример да размисли за симболот ,,-,,).

Кај потешките дискалкулии неопходна е посебна едукативна програма или пак индивидуална работа од страна на наставниците.

*Дефектолог Дијана Гиноска*

## СОВРЕМЕНО УЧИЛИШТЕ

**Оваа и изминатата учебна година беа специфични од многу аспекти, меѓу кои основно е начинот на изведување и следење на наставата. Но, она што се покажа како голема новина е изработката на новиот Концепт за Основно образование, од страна на МОН и другите релевантни институции, како и соодветно на истиот, изработени се нови наставни програми за прво и четврто одделение. За подготовка на наставниот кадар за примена на истите, веднаш од следната учебна година, предвидено е наставниците со одредена динамика да следат обуки во следниот период за новите наставни програми, како и за новите учебници. Што значи, предвидени се длабоки реформи за целосно осовременување на основното образование – од подготовка на наставен кадар, преку изработка на нови современи програми, па сé до инфраструктурно зајакнување на училиштата. Токму инфраструктурните проекти имаат за цел да обезбедат добри и еднакви услови за сите ученици. Во овој сегмент ООУ „Христо Узунов" имаше потреба од големи инфраструктурни зафати, и затоа изминатата година беше посветена на тоа. Истите не би биле возможни без силна финансиска поддршка од Локалната самоуправа. Со брза организација околу сите пропратни активности, во училиштево во текот на изминатиот период беа извршени големи реконструктивни зафати, за кои беа одделени од буџетот на Општината околу 13 000 000,00 денари. Имено, изведени беа следниве активности:**

**-Целосна реконструкција на кровот на училиштето, со замена на дотраените азбестни табли со нов модерен кров, во вредност од скоро 4 200 000,00 денари.**

**-Целосна реконструкција на тоалетите во двете училишни згради, вклучувајќи и водовод и одвод, во вредност од 2. 900 000,00 денари.**

**-Целосна промена на дограмата во двете згради, со нова модерна и квалитетна дограма, во вредност од скоро 3 000 000,00 денари.**

**-Во моментов се одвива целосна реконструкција на подовите во сите училници, во вредност од скоро 3 000 000,00 денари.**

**-Беше извршена набавка на комјутери за потребите на онлајн наставата, со вредност од 470 000,00 денари**

**-За функционирање на компјутерскиот систем беше извршено ново каблирање, во вредност од скоро 330 000,00 денари.**

**Она што е карактеристично е тоа дека не застануваме тука. И ние како училиште, но и Локалната самоуправа сме сконцентрирани на изнаоѓање начини и средства за понатамошно подобрување на инфраструктурните услови во училиштето, бидејќи безбедноста на учениците и вработените, како и наставата во добри услови е наш приоритет. Кога на сето ова ќе се додадат големите реформи од МОН во наставата, комплетно сите релевантни институции и фактори се вклучени во обезбедување на силно и квалитетно образование на нашите ученици.**

***Директор,***
***Оливија Пирузева Јанева***





# КРИТИКУВАЊЕТО КАКО НЕГАТИВЕН НАЧИН НА ВОСПИТУВАЊЕ НА ДЕЦАТА

Многу родители мислат дека критикувањето е решение за нивните проблеми. Има ли критиката смисла? Одговорот е НЕ!

Зашто не? Бидејќи многу родители своите деца постојано ги критикуваат. Со тоа кај своите деца создаваат негативни мисли, негативни програми, многу страв и крајно деструктивно над-јас, односно многу силен и негативен внатрешен судија, кој нивните деца секогаш ќе ги понижува и ќе ги држи помалку вредни. Под критика најголем број луѓе подразбираат нешто негативно. Заради тоа, треба да го избегнуваме тој поим: прво затоа што не сакаме да ги повредиме другите, а второ, затоа што има други зборови со кои можеме да ги изразиме нашите мисли.

На пр: " поставување граници" и "правила на играта".

Главниот проблем кај критиката е во собирањето. Бидејќи сама по себе е негативна и деструктивна, тие што се критикувани не можат да се изразат и голтаат во себе и собираат лутина и гнев. И кога организмот ќе се наполни се случува да експлодираме и при најмал повод, а со тоа ставаме до знаење на соговорникот наше мислење, и автоматски се создава негативна комуникација. Со тоа кај соговорникот создаваме страв, затварање во себе и желба за противнапад .Тоа за секого значи:

1. Не ја смалувај сопствената самовредност.
2. Критиките не ги собирај во себе.
3. Кажи го тоа што го мислиш, но не во облик на критика, туку како одраз на нешто, Секогаш речи: „Јас имам проблем со ,,,, а не „Ти секогаш работиш погрешно",,,,,,
4. Запомни – ако кажеш една критика, треба после тоа да кажеш три пофалби!
5. За се зборувај во четири очи и дозволи му на соговорникот да дојде до збор и да се изрази.
6. Барај заедничко решение.
7. Одржувај контакт , настојувај да го сфатиш соговорникот.

Критиката е секогаш тешка. Наспрема тоа, поставувањето на граници, односно појаснувањето се многу важни комуникациски способности, кои што одлучуваат за секој меѓусебен однос. Оној кој не може да објасни, оној кој не знае конструктивно да раскажува, не може да има среќен однос. Оној кој не го почитува другиот не може да има добар однос со другите.

Поради тоа децата треба многу да се пофалуваат, за да можат да се здобијат со позитивно однесување. Работите треба така констуктивно да се прикажуваат , за да можат децата да се стекнат со способност да разговараат, што значи дека мора да развијат голема толеранција на фрустрација и да усвојат големо почитување према себе си и другите.

Бидејќи, критиката е секогаш присутна. Критиката не е можно да се избегне. Којшто научил во детството конструктивно да се однесува према тоа што не му се допаѓа кај другите, според тоа што другите кај него го критикуваат, тоа дете од своите родители добило многу добар програм за успех и ќе има можност за градење на добри, меѓусебни односи со другите луѓе.

Затоа, не го критикувај своето дете. Подобро љубезно објасни му што би требало да промени. Одржувај близок однос со своето дете и биди позитивен. Не биди злопамтило.

*Педагог Дијана Јулоска*

# Нашите креативни ученици! Со креативност – до знаење

Со учениците од петто - 5 одделение постојано ги совладуваме новите лекции, преку креативни активности на часот или асинхрони активности - активности кои им се задаваат на учениците пред или после часот за полесно да ја совладаат содржината. Учениците се посветуваат целосно на секоја активност и својата креативност ја искористуваат, така што своите изработки ги преточуваат во видеа каде што покажуваат како ги направиле своите изработки и како функционираат истите. Ќе издвојам една од бројните активности кои ги имавме годинава со учениците. Неколку од часовите кои беа предвидени за третото тромесечие, беа издвоени за наставната содржина “Користење на енергијата на сонцето, водата и ветерот”. Оваа активност се изведе така што учениците истражуваа како фукнционираат ветерните турбини, турбините на вода - хидро турбините и сончевите колектори. Во истражувањата кои беа синхрона ак-



тивност внесов и асинхрона активност, односно преку практична вежба која ќе ја направат дома да се повтори содржината од часот и потоа на самиот час преку моделите да ја објаснат работата на ветерните турбини и хидро турбините. За изведување на асинхроната активност учениците беа поделени во две групи. Учениците кои беа дел од првата група имаа задача да направат модел на ветерна турбина од едноставни материјали, додека учениците во втората група имаа задача да направат модел на турбина на вода - хидро турбина.



Се радувам што учениците, во услови на глобална пандемија секогаш успеваат да ја прикажат својата креативност и посветеност кон училишните активности.

Предметен наставник
Елена Србиноска










Наставничката по македонски јазик, Христина Наумоска, задавајќи им интересна домашна задача на учениците од деветто одделение докажа дека нашите ученици се креативни генијалци.

-„Учевме за шминката како изразно средство во филмот и решив на учениците да им зададам домашна задача така што побарав од нив со помош на шминка да се трансформираат во своите омилени филмски ликови. Бев воодушевена од нивната посветеност и креативност. Се сработија сами, јас само ги поттикнав! Ја постигнав својата цел, а моите ученици уживаа.“ – Х.Н.

Во продолжение споделуваме некои од најинтересните фотографии!



# НАГРАДЕНИ ТВОРБИ ПО ПОВОД ПАТРОНИОТ ПРАЗНИК НА ТЕМА: „СО СЈАЈ ВО ОЧИТЕ И НАСМЕВКА ПОД МАСКИТЕ ДО СРЦАТА ДА ДОПРЕМЕ“

***Предметна настава***

## СО СЈАЈ ВО ОЧИТЕ И НАСМЕВКА ПОД МАСКИТЕ ДО СРЦАТА ДА ДОПРЕМЕ

Животот е кутија исполнета со многу желби и посакувања. Не можеме да имаме сѐ, затоа можеме да го сакаме и да бидеме задоволни и среќни со тоа што животот ни го дава. Секој ден кога ќе се разбудам, првата мисла ми е: „Јас сум жив. Фала ти БОЖЕ. Среќен сум што го имам овој скапоцен човечки живот“.

Но, животот ни испрати нова лекција насловена КОВИД-19, досега непозната за сите нас... За да ја проучиме моравме сите да застанеме и убаво да размислиме за животот, за луѓето околу нас, за настаните и за се што проголта овој невидлив убиец. Ни ја одзеде слободата, ги испразна улиците, игралиштата и ни ги затвори училиштата... Овој иако за голо око невидлив убиец сите нас не турна во еден виртуелен свет, во кој сé започна да функционира преку наште телефони, лаптопи и други паметни приемници. Ни ги покри нашите усти и нашите носеви „И сите како хаски почнавме да носиме маски“. Сите луѓе и ние децата, водевме сопствени битки и го чувствувавме крајот на светот. Стравот нѐ зароби сите нас. Сите почнавме да се прашуваме што понатаму, како понатаму... Почнаа да се будат прашања кои многу долго време беа заспани длабоко во нас. Беа потиснати од нашето брзо темпо на живот, од нашиот комфорт, кој во изобилство, повеќето од нас го имавме и од сето ова што го имавме нашите срца наместо да бидат големи и отворени за помош, за хуманост, нашите срца беше се претвориле во камен кој лежи на таа удобност и не гледа ништо друго освен самите себе. И наеднаш овој камен почна да тежи, да тони, да се губи, кога ова зло затропа на вратата на светот и на сите нас. И сите почнавме да се будиме полека, полека да сфаќаме колку сме се изгубиле во самите себе, колку можеме, а колку малку даваме. Колку малку време минуваме со нашите сакани, со нашите блиски... И така, оваа ситуација која сѐ уште не е помината, оваа избезуменост, ни овозможи до бескрај да седиме заедно со нашите родители, да играме игри за кои никогаш порано немаше време и да бидеме заедно, исплашени, но среќни ...

Од сево ова едно научив: „ Кога лошото проаѓа, доброто доаѓа!“На крај, сé ќе помине! Ние од ова треба да научиме да уживаме во доброто и да сме силни во лошото! И ви посакувам на сите: „Со сјај во очите и насмевка под маските, да допрете барем до едно срце!“.

*I НАГРАДА, Матео Костоски VIII-3*

## СО СЈАЈ ВО ОЧИТЕ И НАСМЕВКА ПОД МАСКИТЕ ДО СРЦАТА ДА ДОПРЕМЕ

*Ова е време чудно,*
*болно и многу тажно,*
*а возрасните велат*
*здравјето е денес најважно!*

*Улицата ја посетуваме ретко,*
*не одиме ниту на час,*
*ни недостасуваат наставниците,*
*ми недостасуваш ти, а и тебе*
*ти недостасувам јас!*

*Уште сме деца – ни треба многу смеа,*
*сјајот во очите блика, а насмевка под*
*маските ѕирка,*
*имаме бескрајна мотивација,*
*но, мора да бидеме во изолација!*

*Затоа сите правиме по нешто,*
*не сакаме да стоиме во место,*
*на бабичката ѝ носиме леб*
*на сосетката ѝ помагаме често!*

*Тоа е најдобар начин*
*за заедно тагата да ја сопреме,*
*со сјај во очите и насмевка под маските*
*до срцата на сите да допреме!*

*I НАГРАДА, Сара Петкоска IX-5*







## СО СЈАЈ ВО ОЧИТЕ И НАСМЕВКА ПОД МАСКИТЕ ДО СРЦАТА ДА ДОПРЕМЕ

Издржи срце, издржи! И ова ќе помине. Сите заедно ја живееме една од најлошите години во историјата. Сите заедно се плашиме од невидлив непријател кој немилосрдно коси пред себе. Издржи, мора да бидеме силни во чест на сите оние кои ги изгубивме. Не тагувај што ти е покриена устата, се штитиш и себе и тие околу тебе, твоите најмили дома. Не тагувај, напротив, дозволи им на очите да се насолзат или насмеат и да бидат огледало на душата. И не е сé така црно. Не одиме на гости и со обична настинка, не влегуваме кај новороденче без заштита, не седнуваш да јадеш со немиени раце.

Издржи и премолчи што нема да одиш на кафе.

Издржи и голтни ја лутината што не беше на море.

Издржи и помисли на онаа сестра што нема до неа повеќе брат, на онаа расплакана девојка што ја губи другарката, на синот којшто го изгуби татка си. Помисли на оние родители кои со побелени коси од мака се молат за своето чедо. За сите непроспиени ноќи и пролеани солзи, за пустите улици и тажната пролет низ целиот свет.



Верувај.

Верувај во подобро утро и знај дека сé ќе помине. Ќе ги извадиме маските и слободно ќе ги препливаме морињата. Сите заедно ќе излеземе од ова како победници и подобри луѓе. Да, подобри, бидејќи научивме да се бориме еден за друг. Научивме дека злото не бира време и место, за него сме сите едно исто.

Издржи и верувај, не губи надеж и знај дека она што маската го сокрива, твоите очи го кажуваат! И без збор тие сé кажуваат – во биткава ќе победиме!

*II НАГРАДА, Ана Мари Коцева IX-2*



## СО СЈАЈ ВО ОЧИТЕ И НАСМЕВКА ПОД МАСКИТЕ ДО СРЦАТА ДА ДОПРЕМЕ

*Пролет, лето, есен, зима,*
*седи дома, надвор страшен непријател има.*
*Мислевме брзо ќе си оди*
*ама ете, изгледа тука му се погоди.*

*Јануари, февруари, март,*
*чудно ни беше од самиот старт.*
*Април, мај, јуни,*
*сите нас нѐ збуни.*
*Јули, август, септември,*
*почна да ни оди по нерви.*
*Октомври, ноември и декември – лани*
*сфативме дека со мала пауза*
*вирусот не треба да нѐ мами.*

*И веќе започна втората година,*
*а болеста не помина.*
*Сега сѐ повеќе се чуваме*
*од неа да не боледуваме.*

*За нас и блиските наши,*
*за моите родители и родителите ваши,*
*за никој за својот живот да не се исплаши.*

*На устата и носот стави маска*
*и немој секому да му пружиш рака.*
*Поздрави го познаникот со насмевка и топол збор,*
*а ако не го слушнеш,*
*очите ќе ти го дадат неговиот одговор.*

*Погледни го тој сјај!*
*И очите умеат да се насмеат, знај!*
*Во очите гледаме надеж и среќа, спокој и мир,*
*молчат, а зборат – никој не е како нив!*

*Насмеј се за сѐ што помина,*
*па дури и душата да те боли.*
*Насмеј се за сѐ што доаѓа,*
*жарот во очите нека гори!*
*Насмеј се за утре*
*затоа што некоја нова „врата“ ќе ти се отвори.*
*Насмеј се за животот,*
*овој пуст живот што пред нос ќе ти замине,*
*а збор нема да ти прозбори!*

*III НАГРАДА, Дарјан Јакимовски VIII-1*

### СО СЈАЈ ВО ОЧИТЕ И НАСМЕВКА ПОД МАСКИТЕ ДО СРЦАТА ДА ДОПРЕМЕ

Забави, роденден, дружење. Весели лица, радост, насмевка, натпревари, концерти. Одмор, плажа, љубов. Вака изгледаше светот до пред една година. Секој со секого се дружеше, се забавуваше. Одеднаш сѐ ова беше прекинато. Во светот завладеа страв, паника, болест. Сѐ се уништи со појавата на вирусот КОВИД-19.

Овој невидлив непријател завладеа со светот и навлезе во сите пори на животот. Се појави тивко и молчум, а потоа избувна и го направи поинакво нашето секојдневие. Сите своите лица ги прекрија со заштитни маски. Секој од секого се оддалечи. Се забрани славењето роденден, дружењето, групирањето, шетањето. Оваа проклета болест ни ги одзеде сите убавини на секојдневното живеење. Нас децата ни се скрати најдоброто нешто, дружењето и одење на училиште. Ни ги скрати работите во кои најмногу уживавме.

Но, не е сѐ црно. Со надеж, повторно ќе се врати детството, уживањето во детската игра, спокојот, дружењето. Ќе го мирисНеме чистиот пролетен воздух и сите ќе се здружиме заедно. Бидејќи никој не може да ни го одземе детството. Не може никој да ни ја одземе широката насмевка, сјајот во нашите разнобојни очи, поради што насмевката, љубовта и радоста го прават светот поубаво место за живеење.

*III НАГРАДА, Христијан Милески VII-5*

### СО СЈАЈ ВО ОЧИТЕ И НАМЕВКА ПОД МАСКИТЕ ДО СРЦАТА ДА ДОПРЕМЕ

*Мечтаам овие сиви дни*
*за поубав свет, без болест и страв.*
*И копнеам за игра и безгрижни сни,*
*за луѓе без маски, за живот прав.*

*Насмевката маска не ја брише,*
*ни сенка на срцето му прави.*
*Песна душата за нас пише,*
*крај на сето ова да се стави.*

*Сето ова да помине*
*и сѐ зад нас да остане.*
*А, љубовта во сите нас*
*да е посилна од час во час.*

*Со насмевка да се поздравуваме*
*до срцата да допреме.*
*Бесусловно да другаруваме*
*сето ова да го сопреме.*

**Надица Шикалеска VIII-5, пофалена**

### СО СЈАЈ ВО ОЧИТЕ И НАСМЕВКА ПОД МАСКИТЕ ДО СРЦАТА ДА ДОПРЕМЕ

Дечиња сме малечки,
играме си пееме
под маските сега само
невидливо се смееме.

Една година пројде
откако вирусот ни дојде
надеж во очите сјаје
за слободни прегратки трае.

Со другарчиња в полјана
се играме среќно,сложно
се надевам дека веќе скоро
уште ова лето ќе е можно.

И се додека ова трае
мора да се чита,да се знае
лектири,книги ете вака,
одсекогаш тоа било така.

*Ангелина Гиноска, II одд, пофалена одделенсканастава*





## НАГРАДЕНИ ТВОРБИ ПО ПОВОД ПАТРОНИОТ ПРАЗНИК НА ТЕМА: „СО СЈАЈ ВО ОЧИТЕ И НАСМЕВКА ПОД МАСКИТЕ ДО СРЦАТА ДА ДОПРЕМЕ“

***Одделенска настава***

### СО СЈАЈ ВО ОЧИТЕ И НАСМЕВКА ПОД МАСКИТЕ ДО СРЦАТА ДА ДОПРЕМЕ

Замре детската смеа во училишните дворови,
Замреа криенките и игрите меѓу нашите борови.
Црн облак ја покриј нашата планета,
Ја обви во тага и болка сета.

Нашите детски срца доброто во тоа го гледаат,
И на подобро утре се надеваат,
Со расолзени очи и бели насмевки
Ги расположуваат возрасните со секакви распевки.

Нема ништо подобро од насмевка една,
Која како најскапоценото злато е вредна.
Моќна е кога е придружена со детскиот сјај,
И шири радост и во кој што ќе допре крај.

Времето лошо на сите нѐ снајде,
Но, со ведрост да го пројдеме, ајде!
Насмевката и радоста на сите нѐ зближува,
Никој не може на среќата да замижува.

***I НАГРАДА, Петар Размоски V-2***

### СО СЈАЈ ВО ОЧИТЕ И НАМЕВКА ПОД МАСКИТЕ ДО СРЦАТА ДА ДОПРЕМЕ

*Со сјајот во очите и искрената насмевка секој може да допре до нечие срце. Срцата се полни со чиста љубов и насмевка. Отвори го срцето, добрина примај, топла насмевка за секого имај.*

*Насмевка. Единствена крива линија која може да исправи многу работи. Смеењето е добра навика, заразна позитивна енергија. Смеењето е здравје, а детската насмевка - живот. Сите се смееме на ист јазик. Со насмевка и сјај во очите биди зрак топлина што зрачи. Со насмевка во срцата стопи ги снеговите, прегрни го светот и разбуди ги боите. Насмевни се, љубов дарувај, насмевка од срце подарувај! Направете добро дело. Помогнете и на некоја личност да се насмее. Тоа барем е лесно и интересно! Навиката на смеење не смее да ве напушти. Среќата може да биде различна. Работите кои го прават човекот среќен се мали и безначајни, а работите кои го растажуваат се големи. Во денешно време, време на пандемија кога сите мораме да се заштитиме од непознатиот непријател, среќата на луѓето е поразлична. Со трошка среќа скриена под маските на лицето единствено очите се тие што имаат сјај. Под секоја маска на лицето се чува и по некоја насмевка, по некој збор. Сé нешто нѐ прави среќни во ова време, но поради маската на устата, среќата се познава по сјајот во очите. Сјајот во очите кој никогаш нема да нѐ изневери . Никогаш!*

***I НАГРАДА, Јоана Ѓореска IV-1***

### СО СЈАЈ ВО ОЧИТЕ И НАСМЕВКА ПОД МАСКИТЕ ДО СРЦАТА ДА ДОПРЕМЕ

*Бројките на заболени*
*наеднаш се зголемија,*
*во светот завладеа*
*страшна Ковид пандемија.*

*Сè се случи толку брзо*
*сите дома останавме,*
*одењето на училиште*
*го заменивме и*
*онлајн настава на компјутер*
*од дома применивме.*

*Сите го чекаме денот*
*кога на училиште радосно ќе одиме,*
*ќе другаруваме, пееме и од маските*
*на лицата ќе се ослободиме.*

*Сега ни останува под маските*
*насмевки до наставниците*
*и другарчињата да испратиме,*
*кога ќе заврши сè, со прегратки*
*да се поздравиме и блескав*
*сјај во очите да си вратиме!*

*II НАГРАДА, Давид Стојчевски V-5*

### Со сјај во очите и насмевка под маските до срцата да допреме

*Има една насмевка сокриена под маска,*
*велат возрасните наши така мора,*
*а ние децата со очите се смешкаме,*
*сакаме да ви кажеме неколку збора.*

*Ако подобро планетава ни ја чувавте*
*ќе немаше вакви болести чудни,*
*ако имавте подобри планови*
*требаше од порано да сте будни.*

*Не, не ве обвинуваме, доцна е,*
*дозволете со очињата да се смееме,*
*дозволете да заборавиме на тагата,*
*со срцата наши да ве згрееме.*

*Оваа година некој нè затвори вешто,*
*но, катинари не може на децата да стави*
*на нивните насмевки нема забрани,*
*само детските желби се убави, прави.*

*Погледнете зад прозорците на нашите души,*
*тука само љубовта и другарството царуваат,*
*учете од децата како да сакате, да векувате,*
*искрени насмевки сјај од очите ви даруваат.*

***II НАГРАДА, Ана Тодороска IV-2***

### СО СЈАЈ ВО ОЧИТЕ И НАСМЕВКА ПОД МАСКИТЕ ДО СРЦАТА ДА ДОПРЕМЕ

Човечки е да се сака,
да се љуби, да се дружи.
Да се подаде рака,
Насмевка да се пружи.

Во другарство ние веруваме
и со маска насмевка даруваме.
Се сакаме и се дружиме,
на светот среќа му пружиме.

Нека заврши сето ова
и нека дојде радост нова.
Со другарче да шеташ за рака
секој секого да сака.

***III НАГРАДА, Јован Шикалески III-1***

### СО СЈАЈ ВО ОЧИТЕ И НАСМЕВКА ПОД МАСКИТЕ ДО СРЦАТА ДА ДОПРЕМЕ

*Ден за веселба иде*
*Со нетрпение чекаме да биде*
*Утрото како распеан цвет*
*Во овој убав свет.*

*Од детската насмевка блага*
*За миг одлетува тага*
*Како со волшебни крила*
*Ја шириме љубовта мила*

*Радоста е таа што сјае*
*До срцата допираме нека се знае*
*Додека пролетта како кандило гори*
*Детското срце искрено збори.*

*Павел Размоски II-1, пофален*





# НАТПРЕВАРИ МЕЃУ ДВА ПАТРОНАТА

## *ГОЛЕМ УСПЕХ НА НАШИТЕ УЧЕНИЦИ НА НАЦИОНАЛНИОТ НАТПРЕВАР „ЕВРОПСКИ КВИЗ НА ПАРИ 2021“*

Учениците од нашето училиште постигнаа одличен успех на националниот натпревар „Европски квиз на пари 2021“ кој се одржа на 24.3.2021г. Бојана Ангелеска и Звездана Дуцкиновиќ од VIII-4 одд. го освоија второто место, а Филип Крстески и Дамјан Коцаревски од IX-5 одд. третото место под менторство на наставничката Горица Дуцкиновиќ.


МБА

Прво место:
Благоја Трајчески и Михаил Атанасовски од ОУ „Св. Климент Охридски“ Битола под менторство на Бојана Димовска Гоновска

Второ место:
Бојана Ангелеска и Звездана Дуцкиновиќ од ООУ„Христо Узунов“ Охрид под менторство на Горица Дуцкиновиќ

Трето место:
Филип Крстески и Дамјан Коцаревски од ООУ„Христо Узунов“ Охрид под менторство на Горица Дуцкиновиќ

На националниот натпревар кој се одржа виртуелно со можност да се следи во живо на каналот на Македонската банкарска асоцијација на ЈуТјуб учествуваа 325 тима од 174 одделенија, односно класови од 72 основни и средни училишта под менторство на 83 наставници и професори.

Квизот е проект на Европската банкарска федерација и има за цел да ги поттикне училиштата и наставниот кадар во Европа уште повеќе да вложуваат во финансиската едукација на учениците од 13 до 15 години. Нашата земја по третпат е дел од овој значаен проект, на иницијатива и во организација на Македонската банкарска асоцијација, во соработка со Народната банка и Комисијата за хартии од вредност и со поддршка од Министерството за финансии и Министерството за образование и наука.




## РЕЗУЛТАТИ ОД НАТПРЕВАРОТ ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК

На 20.3.2021 година се одржа акредитираниот натпревар по англиски јазик за основни и средни училишта во организација на ELTAM MK. За ООУ “Христо Узунов” се натпреваруваа по двајца ученици од V,VI,VII,VII и IX одделение кои постигнаа одлични резултати и директно се пласираа на регионалниот натпревар.


ОФИЦИЈАЛНИ РЕЗУЛТАТИ ОД ОПШТИНСКИОТ НАТПРЕВАР ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ELTAM МК

| ООУ "ХРИСТО УЗУНОВ "-ОХРИД | Ученици | Освоено место | Ментор |
|---|---|---|---|
| V одделение | Илија Ристевски<br>Михаил Ристевски | I место<br>II место | Јулија Ристеска |
| VI одделение | Леон Матески<br>Александар Спироски | I место<br>I Место | Татјана Пановска |
| VII одделение | Матеј Николоски<br>Јована Шутароска | II место<br>II место | Томо Томески |
| VIII одделение | Исидора Маркоска<br>Христина Шишоска | I место<br>II место | Елена Ничевски |
| IX одделение | Наталија Танеска<br>Петар Јончески | I место<br>II место | Дамјана Вадиеска |


ОФИЦИЈАЛНИ РЕЗУЛТАТИ ОД РЕГИОНАЛЕН НАТПРЕВАР ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ELTAM МК

| ООУ "ХРИСТО УЗУНОВ "-ОХРИД | Ученици | Освоено место | Ментор |
|---|---|---|---|
| V одделение | Илија Ристевски<br>Михаил Ристевски | I место<br>II место | Јулија Ристеска |
| VI одделение | Леон Матески<br>Александар Спироски | I место<br>I Место | Татјана Пановска |
| VII одделение | Матеј Николоски<br>Јована Шутароска | II место<br>II место | Томо Томески |
| VIII одделение | Исидора Маркоска<br>Христина Шишоска | I место<br>I место | Елена Ничевски |
| IX одделение | Наталија Танеска<br>Петар Јончески | III место<br>II место | Дамјана Вадиеска |



**ИМ ПОСАКУВАМЕ УСПЕСИ И ВО ИДНИНА! ТИЕ СЕ НАШАТА ГОРДОСТ!**



# РЕЗУЛТАТИ ОД ОПШТИНСКИ И РЕГИОНАЛЕН НАТПРЕВАР ПО ФИЗИКА

**РЕЗУЛТАТИ ОД ОПШТИНСКИ НАТПРЕВАР ПО ФИЗИКА, ОДРЖАН НА 12.02.2021 ГОДИНА**
(осмо одделение)

Елена Стојоска I награда
Марко Димоски II награда
Матеј Исакоски II награда
Владимир Каланоски II награда
Владимир Србиноски II награда
Славчо Мургоски II награда
Ивона Илиевска III награда

**РЕЗУЛТАТИ ОД РЕГИОНАЛЕН НАТПРЕВАР ПО ФИЗИКА, ОДРЖАН НА 3.04.2021ГОДИНА**
(осмо одделение)

Славчо Мургоски III награда
Елена Стојоска III награда
Марко Димоски IIIнаграда
Матеј Исакоски III награда
Владимир Каланоски III награда
Владимир Србиноски пофалница
Ивона Илиевска пофалница

**РЕЗУЛТАТИ ОД ОПШТИНСКИ НАТПРЕВАР ПО ФИЗИКА, ОДРЖАН НА 12.02.2021 ГОДИНА**
(деветто одделение)

Калина Стојаноска I награда
Ана Јорданоска I награда
Филип Блажески I награда
Атина Рувинова II награда
Михаела Трајческа III награда
Наталија Танеска III награда
Марија Зороска III награда
Јана Џамтоска пофалница

**РЕЗУЛТАТИ ОД РЕГИОНАЛЕН НАТПРЕВАР ПО ФИЗИКА, ОДРЖАН НА 3.04.2021ГОДИНА**
(деветто одделение)

Наталија Танеска I награда
Марија Зороска I награда
Калина Стојаноска II награда
Ана Јорданоска II награда
Филип Блажески II награда
Михаела Трајческа III награда
Атина Рувинова III награда
Јана Џамтоска III награда

# РЕЗУЛТАТИ ОД НАТПРЕВАРИТЕ ПО МАТЕМАТИКА

Во нашето училиште со голема љубов се изучува математиката, бидејќи како што рекол Галилео Галилеј „Природата е огромна книга во која е напишана науката. Таа е постојано отворена пред нашите очи, но човекот не може да ја разбере ако претходно не го научи јазикот и писмото на кој што е напишана - а пишана е на јазикот на математиката." Како резултат на тоа се бројните награди кои ги освојуваат учениците на сите нивоа на натпреварите по математика.

**НАГРАДИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОУ„ХРИСТО УЗУНОВ" НА ДРЖАВНИОТ НАТПРЕВАР ПО МАТЕМАТИКА**

На ден 22.08.2020 година во просториите на Природно математичкиот факултет во Скопје се одржа 45-тиот Државен натпревар по математика за учениците од основното образование. Според новонастанатата ситуација натпреварот беше одржан согласно протоколите за изведување испити со физичко присуство.

Од нашето училиште од VII одделение ученичката ***Стојоска Елена*** освои ***III награда***, а ***Митревска Исидора пофалница*** и двете под менторство на наставничката Слаѓана Митреска.

Ученикот ***Филип Кузески*** од VI одд. под менторство на наставничката Ирена Бачева освои ***III награда***.

**ОСНОВЦИТЕ ОД„ХРИСТО УЗУНОВ" СО ГОЛЕМ БРОЈ НАГРАДИ НА ОПШТИНСКИОТ НАТПРЕВАР ПО МАТЕМАТИКА**

На 20.02.2021 се одржа Општинскиот натпревар по математика за основно образование. Од нашето училиште голем број ученици се здобија со награди и пласман на регионален натпревар.





***IV одд.***

Алоски Димитриј I награда - ментор Наташа Тренеска
Нелоски Максим I награда - ментор Наташа Тренеска
Блажеска Анабела I награда - ментор Наташа Тренеска
Кузманоска Ана I награда - ментор Наташа Тренеска
Александра Петреска I награда - ментор Јулијана Шишоска
Јана Грмашкоска I награда - ментор Сава Костоска
Димитар Маркоски I награда - ментор Сава Костоска
Виктор Србиноски I награда - ментор Жаклина Здравеска
Деницијa Митреска I награда - ментор Жаклина Здравеска
Костадиноски Лука Наум II награда - ментор Наташа Тренеска
Дамјан Шенгулоски II награда - ментор Сава Костоска
Јован Стојковски III награда - ментор Ирена Наумоска
Марио Ѓорѓиески III награда - ментор Ирена Наумоска
Стојкоска Миа III награда - ментор Наташа Тренеска
Целакоски Марко III награда - ментор Наташа Тренеска
Горазд Станковски III награда - ментор Јулијана Шишоска
Јана Блажеска III награда - ментор Сава Костоска
Константин Митрески III награда - ментор Жаклина Здравеска
Филип Костоски Пофалница - ментор Јулијана Шишоска

***V одд.***

Матеа Гроздановска I награда - ментор Наташа Ѓорѓиеска
Михаил Стојкоски I награда - ментор Наташа Ѓорѓиеска
Матеа Стефаноска I награда - ментор Наташа Ѓорѓиеска
Давид Јанкоски II награда - ментор Наташа Ѓорѓиеска
Мартина Џамтоска III награда - ментор Марија Јосифоска
Евгенија Палоска Пофалница - ментор Катерина Златева

***VI одд.***

Софија Митреска I награда - ментор Кристина Крстеска Николоски
Коста Стојановски II награда - ментор Кристина Крстеска Николоски
Стефан Мургоски III награда - ментор Кристина Крстеска Николоски
Лука Грозданоски III награда - ментор Кристина Крстеска Николоски
Софија Стојаноска Пофалница - ментор Кристина Крстеска Николоски

***VII одд.***

Филип Кузески I награда - ментор Ирена Бачева
Ремзија Шемо Пофалница - ментор Ирена Бачева
Марија Ристеска Пофалница - ментор Ирена Бачева

***VIII одд.***

Елена Стојоска I награда - ментор Слаѓана Митреска
Исидора Митревска II награда - ментор Слаѓана Митреска
Матеј Исакоски II награда - ментор Слаѓана Митреска
Владимир Србиноски III награда - ментор Слаѓана Митреска
Ивона Илиевска III награда - ментор Слаѓана Митреска
Славчо Мургоски Пофалница - ментор Слаѓана Митреска
Честитки за постигнатиот успех на сите ученици, голем успех и на регионалниот натпревар.

**ГОЛЕМ УСПЕХ НА РЕГИОНАЛНИОТ НАТПРЕВАР ПО МАТЕМАТИКА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ООУ„ХРИСТО УЗУНОВ"**

На 13.03.2021 се одржа регионалниот натпревар по математика за основно образование. Учествуваа голем број на ученици од целата држава и според конечната ранг листа објавена од комисијата за натпревари при Сојузот на математичари на Македонија од нашето училиште голем број ученици се здобија со награди.

***VIII одд.***

Елена Стојоска I награда - ментор Слаѓана Митреска
Исидора Митревска III награда - ментор Слаѓана Митреска
Славчо Мургоски Пофалница - ментор Слаѓана Митреска
Ивона Илиевска Пофалница - ментор Слаѓана Митреска
Матеј Исакоски Пофалница - ментор Слаѓана Митреска
Владимир Србиноски Пофалница - ментор Слаѓана Митреска

***VII одд.***

Филип Кузески II награда - ментор Ирена Бачева
Марија Ристеска III награда - ментор Ирена Бачева
Ремзија Шемо III награда - ментор Ирена Бачева

***VI одд.***

Софија Митреска I награда - ментор Јованка Петреска
Коста Стојановски I награда - ментор Јованка Петреска
Софија Стојаноска I награда - ментор Јованка Петреска
Лука Грозданоски II награда - ментор Јованка Петреска

***V одд.***

Матеа Гроздановска II награда - ментор Наташа Ѓорѓиеска
Михаил Стојкоски II награда - ментор Наташа Ѓорѓиеска
Матеа Стефаноска III награда - ментор Наташа Ѓорѓиеска
Давид Јанкоски III награда - ментор Наташа Ѓорѓиеска
Мартина Џамтоска III награда - ментор Марија Јосифоска

***IV одд.***

Александра Петреска I награда - ментор Јулијана Шишоска
Дамјан Шенгулоски I награда - ментор Сава Костоска
Димитар Маркоски I награда - ментор Сава Костоска
Деницијa Митреска I награда - ментор Жаклина Здравеска
Јован Стојковски II награда - ментор Ирена Наумоска
Јана Грмашкоска III награда - ментор Сава Костоска

Честитки за постигнатиот успех на сите ученици и голем успех на државниот натпревар на учениците ***Софија Митреска, Коста Стојановски, Софија Стојаноска*** од VI одд. и ***Елена Стојоска*** од VIII одд.

Државниот натпревар ќе се одржи на 8.05.2021г. и 9.05.2021г. во простороиите на Природно-математичкиот факултет во Скопје со физичко присуство на учениците и со почитување на протоколот за работа на ПМФ при физичко присуство.

***Актив на математичари,***
*Слаѓана Митреска*
*Ирена Бачева*
*Виолета Китеска*
*Кристина Крстеска Николоска*
*Јованка Петреска*

Комисијата за награди при ООУ „Христо Узунов", во учебната 2020/21 г. одлучи за првенец на генерација да биде прогласена Наталија Танеска.

## Првенец на генерација

**НАТАЛИЈА ТАНЕСКА IX-1, ПРВЕНЕЦ**

Марија Зороска IX-1, ПОФАЛЕНА

Ана Јорданоска IX, ПОФАЛЕНА

Бојана Цветкоска IX, ПОФАЛЕНА

Атина Рувинова IX-3, ПОФАЛЕНА

***ИМ ПОСАКУВАМЕ УСПЕХ И УШТЕ ПОГОЛЕМИ ДОСТИГНУВАЊА ВО ИДНИНА!***

***НАТАЛИЈА ТАНЕСКА:*** *„Како и секој човек и јас од секогаш сум имала желби и аспирации. Моите амбиции ме водат на правилниот пат и ми помагаат моите соништа да ги претворам во реалност. Знам дека ако верувам во себе ќе успеам. Знам и дека во иднина ќе ми се пружат уште многу нови можности на секое поле, па така и во образованието. Јас би била многу среќна ако продолжам да се надградувам, онака како што правев сите овие години. Сигурна сум дека иднината ќе ми биде исполнета со многу искуства и доживувања. За десетина години можеби ќе сум на сосем поразлично место, на другиот крај на светот, но едно знам – мојата желба и мотивација за успех ќе ми го покажат правилниот пат".*

## РЕЗУЛТАТИ ОД НАТПРЕВАРИТЕ ПО БИОЛОГИЈА

Постигнати резултати по општински натпревар по биологија- деветто одделение-- ментор: ***Владо Андрески***

- ***Марија Зороска- втора награда***
- ***Калина Стојаноска- втора награда***
- ***Наталија Танеска- пофалница***
- ***Јана Џамтоска- пофалница***

Постигнати резултати по општински натпревар по природни науки-шесто одделение- ментор: ***Владо Андрески***

- ***Ана Зороска- прва награда***
- ***Ања Гиноска-прва награда***
- ***Ангела Гиновска- втора награда***
- ***Софија Стојаноска- трета награда***





## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Во нашето училиште наставниците неуморно работат и на нивниот професионален развој.









Зборник на трудови од Меѓународната конференција за образованието по математика, физика и сродни науки, Скопје, 27-28 септември 2019

**Изучување на физичките величини и нивните мерни единици по предметите математика и физика во основното образование**

Слаѓана Митреска[1], Вера Зороска[2]

*[1]ОУ „Христо Узуниов", Охрид, Р. Македонија*
*[2]ОУ „Христо Узунов", Охрид, Р. Македонија*

**Апстракт.** Физичките величини и нивните мерни единици се изучуваат по предметот математика уште од најмалата возраст на учениците, тргнувајќи од нивни поедноставни кон посложени претворања. Во овој труд се прикажани примери на корелација помеѓу предметите математика и физика во основното образование кои се однесуваат на постапките на мерење и претворање на физичките величини, како и нивна примена.

Брзиот развој на науката и техниката влијае на образованието, на неговата структура и содржина и на начинот на организација на наставата. Корелацијата на наставните содржини е еден вид модернизација на наставата во основното образование и начин на оттргнување од традиционалната настава. Со тоа на учениците им се овозможува критички да размислуваат и да ги решаваат задачите, земајќи ги предвид сличностите и различните перспективи на проблематиката во двата предмета. Корелацијата на содржините овозможува разбирање на подлабоката структура на проблемите, примена како и анализа и синтеза на наставниот материјал во текот на обработката и повторувањето на содржините во математика и физика. Учениците се поттикнуваат критички да размислуваат на повисоко ниво, да го моделираат нивното размислување и решавање проблеми, а наставниците да обезбедат систематски повратни информации за поправка на нивното разбирање.

## ОТВОРЕН ДЕН ЗА ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ НА ТЕМА: „ВРСНИЧКОТО НАСИЛСТВО НИЗ ПРИЗМАТА НА УЧЕНИЦИТЕ" ООУ „ХРИСТО УЗУНОВ" - ОХРИД

Денеска учениците од ООУ „Христо Узунов" – Охрид го одбележаа отворениот ден за граѓанско образование со цел - зајакнување на демократската клима во училиштето, поттикнување на одговорноста кај учениците за состојбите и условите во училиштето и заедницата и зајакнување на нивната иницијативност за преземање активности за позитивна промена.

Денешните активности беа на тема насилство меѓу младите (врсничко насилство и насилство на интернет). Активностите може да се проследат на facebook страната, веб страната и youtube каналот од училиштето.

Имавме можност да проследиме многу креативни презентации, стрипови, постери поврзани со разни видови насилство.

Време на реализација: 30.03 2021 година

Одговорни наставници по граѓанско образование:

Соња Здравеска и Јованка Анѓелкоска

Реализатори и учесници: ученици од VIII и IX одделение како и наставниците Соња Здравеска и Јованка Анѓелкоска, педагогот Дијана Јулоска како и наставничката по информатика Елена Србиноска




**АГЕНДА**

1. Краток цртан филм за Сајбер насилство
2. Презентација за сајбер насилство
3. Постери
4. Книгата за Лана
5. Видео со 10 препораки за спречување на насилство
6. Краток стрип
7. Презентација СТОП за насилството
8. Кратки драмски текстови – ситуации на насилство
9. Онлајн настава во услови на пандемија
10. Осврт на спроведената анкета во училиштето за сајбер насилството
11. Насоки и планови за понатамошни активности и планови за спречување на насилството во училиштето.





I НАГРАДА
Антонија Ѓорѓиевска IV-4 одд.



II НАГРАДА
Дарија Андриеска III-1 одд.

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
„ХРИСТО УЗУНОВ“
О Х Р И Д



III НАГРАДА
Наталија Андреска I-5 одд.

Весникот го подготвија
членовите на новинарската секција
под раководство на
Маја Ристеска, проф. по македонски јазик;
Автор на корица и избор на ликовни творби
Ристе Никлески, проф. по ликовна уметност;
Печатено во Летра Дизајн - Охрид